Архивски знак:
Рок на чување: год.
25-01-2016 20 година
Потпис,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.31.УП.018.01

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ НА ПОТВРДУВАЊЕ ДЕКА СТОКАТА Е ИЗНЕСЕНА ОД ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗВОЗНО-ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА

Јануари 2016

## Историја на документ

| [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] |
|---|---|---|---|---|
| 01 | 25-01-2016 | Прво издание | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Сл.весник на РМ" бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15 и 129/15), директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ НА ПОТВРДУВАЊЕ ДЕКА СТОКАТА Е ИЗНЕСЕНА ОД ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗВОЗНО-ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА

## I. Општи одредби

1. Со ова упатство се уредуваат условите и начинот на постапување на царинската испостава за извоз, појдовната и одредишната испостава при транзит, во постапката на потврдување дека стоката е изнесена од царинското подрачје на Република Македонија при примена на извозно-транзитна постапка, во случаите кога транзитната постапка се спроведува со користење на Новиот компјутеризиран транзитен систем (во понатамошниот текст: НКТС).

2. Потврдувањето дека стоката е изнесена од царинското подрачје се врши на усно барање на декларантот со оверка на листот број 3 од ЕЦД за извоз со посебен печат кој претставува доказ дека стоката ја поминала границата, од страна на надлежниот царински орган. Печатот се става на задната страна од листот број 3 од ЕЦД. Формата, содржината и начинот на пополнување на печатот се пропишани во Упатството за примена на Законот за данокот на додадена вредност при царинење на стоки.[1] За потврдување на извозот се користи редниот број на движење (РБД) на транзитната декларација и датумот на кој истата е евидентирана во НКТС.

3. Во случај кога од страна на декларантот се бара започнување на заедничка транзитна постапка во гранична царинска испостава за стока за која во извозната декларација истата гранична испостава е наведена како царинска испостава на излез, не се применува извозно-транзитна постапка во смисла

[1] Упатството за примена на Законот за данокот на додадена вредност при царинење на стоки како интерен акт е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа.

на член 408 став (6) од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон[2]. Во овој случај, потврдувањето дека стоката ја поминала границата се врши со оверка на листот број 3 од ЕЦД за извоз со посебен печат од страна на граничната царинска испостава по физичкиот излез на стоката од царинското подрачје.

## II. Начин на потврдување дека стоката е изнесена од царинското подрачје на Република Македонија

4. Потврдувањето дека стоката е изнесена од царинското подрачје на Република Македонија во случај кога извозната постапка се завршува со започнување на транзитна постапка (член 408 став (6) од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон), а транзитната постапка е евидентирана во НКТС, се спроведува во зависност од тоа дали транзитната постапка е национална или заедничка.

### II.1. Завршување на извозната постапка со започнување на национална транзитна постапка во НКТС во царинската испостава за извоз

5. Доколку извозната постапка се завршува во царинската испостава за извоз со започнување на транзитна постапка која треба да заврши во некоја гранична одредишна испостава во Република Македонија (на пример, започнување на транзитна постапка во ЦИ Скопје 3 која треба да заврши во ЦИ Табановце Автопат - Отсек за патнички промет), извозот ќе се смета за извршен по добивање на пораката „Резултати од контрола“ (IE018) од граничната одредишна испостава со шифри за резултат од контрола А1 (задоволително) или А2 (се смета за задоволително). .

6. Доколку поради технички причини не е можно доставување на пораката „Резултати од контрола“ (IE018) преку НКТС, како доказ дека стоката ја поминала границата може да послужи заверен примерок од Транзитниот придружен документ (во понатамошнот текст: ТПД) во кој од страна на одредишната испостава се внесени шифрите за резултат од контрола А1 или

[2] Уредбата за спроведување на Царинскиот закон со сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавена во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа.

А2. Заверениот примерок од ТПД се доставува до Службата за испитна постапка и наплата на царински долг во транзит (во понатамошниот текст: СИПНЦДТ), која врз основа на овој доказ рачно ја раздолжува транзитната декларација во НКТС.

7. Потврдувањето дека стоката е изнесена од царинското подрачје се врши од страна на царинската испостава за извоз, која истовремено е и појдовна испостава (во случајот, ЦИ Скопје 3).

## II.2. Завршување на извозната постапка со започнување на национална транзитна постапка во НКТС во друга внатрешна појдовна испостава

8. Во случај кога извозната постапка се завршува на тој начин што во некоја внатрешна испостава започнува транзитна постапка која треба да заврши во некоја гранична одредишна испостава во Република Македонија (на пример стоката е ставена во извозна постапка во ЦИ Прилеп и истата се затвора со започнување на транзитна постапка во ЦИ Велес која треба да заврши во ЦИ Табановце Автопат – Отсек за патнички промет), извозот ќе се смета за извршен кога граничната испостава до појдовната испостава (во наведениот случај ЦИ Табановце Автопат 2031 до ЦИ Велес) ќе ја достави пораката „Резултати од контрола" (IE018) со шифри за резултат од контрола А1 или А2.

9. Доколку поради технички причини не е можно доставување на пораката „Резултати од контрола" (IE018) преку НКТС, соодветно се применуваат одредбите од точката 6 на ова Упатство.

10. Потврдувањето дека стоката е изнесена од царинското подрачје се врши од страна на внатрешната појдовна испостава во која извозната постапка е завршена со започнување на транзитна постапка (во случајот, ЦИ Велес).

## II.3. Завршување на извозната постапка со започнување на заедничка транзитна постапка во НКТС во царинската испостава за извоз

11. Доколку извозната постапка се завршува во царинската испостава за извоз со започнување на транзитна постапка која треба да заврши во одредишна испостава во некоја од договорните страни на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка (на пример, започнување на транзитна постапка во ЦИ

Штип која треба да заврши во Минхен, Германија, преку Србија и Хрватска), извозот ќе се смета за извршен после добивање на пораката „Известување за преминување на граница" (IE118) од првата транзитна испостава. Во наведениот пример, до пристапување на Република Србија кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка прва транзитна испостава е ЦИ Табановце Автопат 2031, а после тоа ЦИ Прешево.

12. Во случај кога поради одредени причини не е добиена пораката „Известување за преминување на граница" (IE118) од првата декларирана транзитна испостава, како доказ дека стоката ја поминала границата може да послужи пораката IE118 од некоја од следните транзитни испостави (во претходниот пример од царинската испостава Бајаково, Хрватска) или доколку нема такви пораки, пораката „Резултати од контрола" (IE018) од одредишната испостава со шифри за резултат од контрола А1 или А2.

13. Доколку поради технички причини не е можно доставување на пораките „Известување за преминување на граница" (IE118) или „Резултати од контрола" (IE018) преку НКТС, како доказ дека стоката ја поминала границата може да послужи:

- хартиениот образец „Известување за транзит" (TC10) кој на барање на превозникот е оверен од било која транзитна испостава (наместо пораката „Известување за преминување на граница" (IE118)) или
- заверен примерок од ТПД, во кој од страна на одредишната испостава се внесени шифрите за резултат од контрола А1 или А2 (наместо пораката „Резултати од контрола" (IE018)). Заверениот примерок од ТАД се доставува до СИПНЦДТ, која врз основа на овој доказ рачно ја раздолжува транзитната декларација во НКТС.

14. Потврдувањето дека стоката е изнесена од царинското подрачје се врши од страна на царинската испостава за извоз, која истовремено е и појдовна испостава (во случајот, ЦИ Штип).

### II.4. Завршување на извозната постапка со започнување на заедничка транзитна постапка во НКТС во друга внатрешна појдовна испостава

15. Во случај кога извозната постапка се завршува на тој начин што во некоја внатрешна испостава започнува заедничка транзитна постапка која треба да заврши во некоја од договорните страни на Конвенцијата за заедничка

транзитна постапка (на пример, стоката е ставена во извозна постапка во ЦИ Кавадарци и истата се затвора со започнување на транзитна постапка во ЦИ Битола, која треба да заврши во Истанбул, Турција), извозот ќе се смета за извршен после добивање на пораката „Известување за преминување на граница" (IE118) од првата транзитна испостава (во наведениот пример, со добивање на пораката од грчката транзитна испостава).

16. Доколку поради одредени причини не е добиена пораката „Известување за преминување на граница" (IE118) од првата транзитна испостава, како доказ дека стоката ја поминала границата може да послужи пораката IE118 од некоја од следните транзитни испостави (во конкретниот пример, од турската транзитна испостава) или доколку нема такви пораки, пораката „Резултати од контрола" (IE018) од одредишната испостава со шифри за резултат од контрола A1 или A2.

17. Наместо пораката „Известување за преминување на граница" (IE118) која се доставува преку НКТС, како доказ дека стоката ја поминала границата може да послужи хартиениот образец Известување за транзит (TC10) кој на барање на превозникот е оверен од било која транзитна испостава.

18. Потврдувањето дека стоката е изнесена од царинското подрачје се врши од страна на внатрешната појдовна испостава во која извозната постапка е завршена со започнување на заедничка транзитна постапка (во конкретниот пример ЦИ Битола).

19. Како внатрешни одредишни испостави согласно точка 14 на ова упатство се сметаат и Отсеците за стоково царинење во граничните царински испостави.

## III. Пополнување на извозна и транзитна декларација

20. Со цел да се избегне можноста при излез од царинското подрачје наместо транзитната декларација да се презентира извозната декларација, појдовната испостава е должна на листот број 3 од извозната декларација да ја стави забелешката "ТРАНЗИТ". Забелешката „ТРАНЗИТ" се запишува со печатни букви, дијагонално по целата должина на предната страна од листот број 3 од извозната декларација.

21. Покрај внесувањето на забелешката „ТРАНЗИТ" надлежниот царински службеник во појдовната испостава е должен во рубриката 44 од листовите број 1, 2 и 3 од извозната декларација во случаите кога извозната испостава е

истовремено и појдовна испостава или од листовите број 2 и 3 во случаите кога појдовната испостава се разликува од извозната испостава, рачно да внесе податоци за видот и бројот на транзитната декларација (на пр. Т1 - 15MK002031465430T0).

22. Во транзитната декларација во групата на податоци „Приложени документи/потврди" главниот обврзник е должен да ја внесе ознаката ЕХ и бројот на извозната декларација, а во групата на податоци „Посебни напомени" да ја внесе шифрата - DG2 Извоз. Наведените податоци се печатат во рубриката 44 - Дополнителни информации/Приложени документи/Потврди и одобренија од Транзитниот придружен документ.

23. Доколку на излез од царинското подрачје биде презентирана само извозна декларација во која е наведена забелешката „ТРАНЗИТ", надлежниот цармнски службеник е должен да ја побара транзитната декларација и во зависност од случајот:

- да го евидентира завршувањето на транзитната постапка како одредишна испостава, доколку станува збор за национална транзитна постапка;
- да го евидентира поминувањето преку граница како транзитна испостава, доколку станува збор на заедничка транзитна постапка која продолжува преку друга земја која не е договорна страна на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка (на пример Косово или Албанија) или
- да дозволи стоката да го напушти царинското продрачје без спроведување на излезни формалности (без евидентирање во системот), доколку станува збор на заедничка транзитна постапка која продолжува кон друга земја која е договорна страна на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка (на пример Грција или Бугарија).

## IV. Поедноставена постапка

24. Начинот на потврдување дека стоката е изнесена од царинското подрачје на Република Македонија при спроведување на извозно-транзитна постапка, е идентичен и во случаите кога била применета поедноставена извозна и/или транзитна постапка.

25. Доколку била применета поедноставена постапка на локално царинење при извоз, надлежен царински орган за оверувањето на листот број 3 од дополнителната царинска декларација за извоз е надзорната царинска испостава за извоз.

26. Кон листот број 3 од дополнителната декларација, декларантот е должен на надзорната царинска испостава за извоз да и ги стави на увид заверените примероци од листовите број 3 од сите извозни декларации со поедноставување за кои се однесува дополнителната декларација. Надзорната царинска испостава за извоз не треба да задржува, ниту да прави и чува копија од истите.

## V. Начин на постапување во случај на утврдени неправилности во транзитната постапка

27. Во случај кога од одредишната испостава е добиена порака „Резултати од контрола“ (IE018) со шифри на резултати Б1, потврдувањето може да се изврши само по разрешување на неправилностите од страна на СИПНЦДТ.

28. Доколку при проверката од страна на СИПНЦДТ е утврдено дека дел од стоката наведена во извозната декларација не е ставен на увид во одредишната испостава, истата е должна за истото да ја извести царинската испостава за извоз.

29. Надлежниот царински службеник на задната страна од листот број 3 од ЕЦД, покрај печатот од точка 2 од ова упатство, е должен да ја внесе и забелешката „Стока која не го напуштила царинското подрачје:...” и да ги наведе точните податоци за видот, количината и вредноста на оваа стока. Податоците треба да се заверат со царински печат, потпис и факсимил на надлежниот царински службеник.

30. Доколку при спроведувањето на транзитната постапка се користи Транзитен придружен документ/Документ за сигурност, соодветно се применуваат одредбите кои што важат за ТПД.

## VI. Резервна постапка

31. При примена на резервна постапка при транзит од случаите наведени во точките 5-8 од ова упатство, потврдувањето дека стоката е изнесена од царинското подрачје на Република Македонија се врши по враќање на листот број 5 од ЕЦД на појдовниот царински орган, на начин опишан во член 3 од

Правилникот за спроведување на Законот за данок на додадена вредност[3] и во Упатството за примена на Законот за данокот на додадена вредност при царинење на стоки број 07-3791/1 од 27.03.2006 година и соодветните измени број 07-3791/2 од 07.04.2006 година, 07-3791/3 од 29.09.2006 година, 10-15808/1 од 19.10.2007 година и 10-30596/1 од 27.11.2008 година.

32. При примена на резервна постапка од случаите наведени во точките 9-16 од ова упатство, како доказ дека стоката е изнесена од царинското подрачје на Република Македонија се користи хартиениот образец Известување за транзит (TC10) кој на барање на превозникот е оверен од било која транзитна испостава, како и листот број 5 од ЕЦД наменет за појдовниот царински орган или транзитниот придружен документ, заверени од одредишната испостава.

## VII. Завршни одредби

33. Ова упатство го применуваат вработените во царинските испостави за извоз, појдовните и одредишните испостави при транзит, како и вработените во Секторот за царински систем, Одделение за гранични и транзитни формалности, Служба за испитна постапка и наплата на царински долг во транзит.

34. Надлежни за предлагање на измени и дополнување на ова упатство се помошник директорот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците.

35. Надлежни за вршење на контрола на спроведувањето на ова упатство се раководителите на организационите единици надлежни за постапување.

36. Контрола на спроведувањето на одредбите на ова упатство може да вршат Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност.

37. Секторот за царински систем, во соработка со Секторот за управување со човечки ресурси, е должен веднаш по потпишувањето на ова упатство во рок

[3] Правилникот за спроведување на Законот за додадена вредност со сите измени и дополнувања како екстерен акт е објавена во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа.

од 30 дена да одржи обука на определени лица од надлежните организациони единици.

38. Секторот за царински систем задолжително обезбедува објавување на Упатството во Депозитарот на интранет страната на Царинската управа согласно Процедурата за депозитар на документацијата.

39. Сите непосредни раководители се должни со одредбите на ова упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

40. Секое постапување спротивно на одредбите на ова упатство ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

41. Ова упатство стапува на сила со денот на неговото потпишување.

Директор
Наташа Радеска Крстевска

Бр. 01-093123/15-0001
Скопје, 25-01-2016

Изработил: Јовица Кипријановски
Раде Митевски
Одобрил: Димче Аџиоски
Согласен: Офелија Бајо

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор<br>Заменик директор<br>Советник на директорот<br>Помошници директори на сектори<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна/екстерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Сектор за управување со човечки ресурси<br>Архива |